|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | **480.000** | **441.568** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **480.000** | **441.568** |
| *42* | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **480.000** | **441.568** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **480.000** | **441.568** |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **30.000** | **28.764** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **28.764** |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 30.000 | 28.764 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 28.764 |
| **425** | **Договорни услуги** | **350.000** | **349.961** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **350.000** | **349.961** |
| 425730 | Инструктори на кратки курсеви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 350.000 | 349.961 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 349.961 |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **100.000** | **62.843** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **62.843** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 100.000 | 62.843 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 62.843 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **4.000.000** | **3.294.657** | **14.000.000** | **12.687.990** | **31.445.000** | **30.939.228** | **0** | **0** | **0** | **0** | **49.445.000** | **46.921.875** |
| ***40*** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.750.000** | **25.603.046** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.750.000** | **25.603.046** |
| **401** | **Основни плати** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.800.000** | **18.677.934** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.800.000** | **18.677.934** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.800.000 | 17.654.400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.800.000 | 17.654.400 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.023.534 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 1.023.534 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.950.000** | **6.925.112** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.950.000** | **6.925.112** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.620.000 | 4.616.678 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.620.000 | 4.616.678 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.890.000 | 1.872.408 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.890.000 | 1.872.408 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 128.176 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 128.176 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 | 307.850 | 0 | 0 | 0 | 0 | 310.000 | 307.850 |
| ***42*** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.500.000** | **2.794.657** | **11.240.000** | **10.203.677** | **3.548.400** | **3.498.369** | **0** | **0** | **0** | **0** | **18.288.400** | **16.496.703** |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **0** | **0** | **40.000** | **19.660** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.000** | **19.660** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 40.000 | 19.660 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 19.660 |
| 420130 | Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **3.000.000** | **2.629.183** | **760.000** | **237.685** | **2.373.400** | **2.373.369** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.133.400** | **5.240.237** |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 850.000 | 895.244 | 0 | 0 | 0 | 0 | 950.000 | 895.244 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | 70.000 | 0 | 280.000 | 285.435 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 285.435 |
| 421130 | Ѓубретарина | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 339.400 | 306.996 | 0 | 0 | 0 | 0 | 399.400 | 306.996 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 0 | 0 | 40.000 | 21.369 | 20.000 | 1.150 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 22.519 |
| 421240 | Течни горива | 3.000.000 | 2.629.183 | 0 | 0 | 744.000 | 713.973 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.744.000 | 3.343.156 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | 40.000 | 3.243 | 140.000 | 170.571 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 | 173.814 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 250.000 | 127.849 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 127.849 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | 50.000 | 71.724 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 71.724 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 150.000 | 13.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 13.500 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **0** | **0** | **8.340.000** | **8.336.960** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.340.000** | **8.336.960** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 250.000 | 367.538 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 367.538 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 250.000 | 127.723 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 250.000 | 127.723 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 230.000 | 310.350 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230.000 | 310.350 |
| 423320 | Обувки | 0 | 0 | 110.000 | 131.372 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 110.000 | 131.372 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 6.000.000 | 5.726.322 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.000.000 | 5.726.322 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 0 | 0 | 400.000 | 258.849 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 258.849 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 | 0 | 300.000 | 3.835 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 3.835 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 800.000 | 1.410.971 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 1.410.971 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **500.000** | **165.474** | **1.500.000** | **1.267.083** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** | **1.432.557** |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 0 | 0 | 60.000 | 45.628 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 45.628 |
| 424210 | Одржување на згради | 500.000 | 165.474 | 1.380.000 | 1.091.969 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.880.000 | 1.257.443 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 40.000 | 81.809 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 81.809 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 0 | 0 | 0 | 47.677 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 47.677 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| **425** | **Договорни услуги** | **0** | **0** | **500.000** | **242.530** | **1.175.000** | **1.125.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.675.000** | **1.367.530** |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан.актив. | | Дотации | | Донации | | Кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |
| 425290 | Други финансиски услуги | 0 | 0 | 0 | 72.745 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 72.745 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 50.000 | 56.850 | 140.000 | 63.430 | 0 | 0 | 0 | 0 | 190.000 | 120.280 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 450.000 | 112.935 | 1.035.000 | 1.061.570 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.485.000 | 1.174.505 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **0** | **0** | **100.000** | **99.759** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** | **99.759** |
| 426310 | Семинари и конференции | 0 | 0 | 40.000 | 33.903 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 33.903 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 40.000 | 51.041 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 51.041 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 20.000 | 14.815 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 14.815 |
| **427** | **Привремени вработувања** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ***48*** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **500.000** | **500.000** | **2.760.000** | **2.484.313** | **2.146.600** | **1.837.813** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.406.600** | **4.822.126** |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **0** | **0** | **600.000** | **591.787** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **600.000** | **591.787** |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 600.000 | 591.787 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 591.787 |
| **481** | **Градежни објекти** | **500.000** | **500.000** | **2.160.000** | **1.892.526** | **2.146.600** | **1.837.813** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.806.600** | **4.230.339** |
| 481210 | Подготвување проекти на деловни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | 500.000 | 500.000 | 2.160.000 | 1.892.526 | 2.146.600 | 1.837.813 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.806.600 | 4.230.339 |
| **483** | **Купување на мебел** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | **Буџет** | | **Самофинан.актив.** | | **Дотации** | | **Донации** | | **Кредити** | | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. | План | Реализац. |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2013 година**

Се објавува Годишниот финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Шеснаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 26.02.2014 година.

**Број 08-756/9**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 61/04) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( Сл. гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 16-та седница одржана на 26.02.2014 година, донесе

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА

## 1. Вовед

### 1.1. Основни податоци за Општина Ѓорче Петров

Број на жители по попис од 2002 година : 41.680
Површина: 67 км2 и
Населени места(6): Ново Село; Волково; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

### 1.1.1 Опис на економските параметри на општината:

Според пописот на население од 2002 година, Општина Ѓорче Петров брои:
11.845 домаќинства,
13.896 станови
988 деловни субјекти од кои
424 се активни

Според податоците добиени од даночната администрација на Град Скопје, пријавени обврзници за данок на имот има **13.419** (во 2012 биле 12.823) од кои 13.318 се физички лица(во 2012 г. биле 12.730) и 101 правно лице ( во 2012 г. биле 93), што значи споредено со податоците од пописот се гледа дека **578 станови сеуште не се пријавени** или пак се наоѓаат во евиденција на друга општина. Овде треба да се истакне дека во текот на 2013 година, имаме новопријавени или новооткриени и евидентирани обврзници 596, во однос на 2012 година, од кои 588 физички лица и 8 правни субјекти. Со поднесените барања за легализација на бесправно изградени објекти се врши контрола на истите дали се внесени во даночната евиденција. На тие што ги нема во даночна евиденција им се праќаат опомени, а кај тие што се утврдува разлика во квадратурата се дооданочуваат.

Неколку години континуирано се работи на расчистување на базата на податоци. Имено, во вкупниот број на решенија има случаи кога за иста адреса - стан се појавуваат по две, па дури и по три решенија, што значи при продажба на становите во обврзници за данок на имот останат е и стариот, а воведен е и новиот сопственик. При откривање на ваквите случаи се брише стариот обврзник.

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:

- Градежна индустрија;
- Прехрамбено преработувачка индустрија;
- Текстилна индустрија;
- Хемиска индустрија;
- Пекарско-занаетчиски дејности;
- Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
- Филијали на неколку банки ( Комерцијална - две филијали, Стопанска, Охридска, НЛБ Тутунска, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Халк банка и Уни банка);
- Здравствени установи;

Според евиденцијата што ја добиваме од градската даночна администрација како обврзници за комунална такса **за фирмарина** се евидентирани 2.835 субјекти (во 2012 година биле 2.784) за кои што се издаваат решенија со вкупен облог од 18.086.600,00 ден. (во 2012 г. бил 17.786.800,00 ден.) од кои за фирми со седиште во Општина Ѓорче Петров облогот е 16.722.100,00 ден. (во 2012 г. бил 16.400.800,00 ден.), а само на деловни единици, продавници, експозитури и слично облогот е 1.364.500,00 ден. (во 2012 г. бил 1.386.000,00 ден.).

Во Општината има и институционални објекти:

- Поликлиника со амбуланти во Дексион и Волково;
- Геронтолошки завод;
- Полициска станица;
- Касарна на единиците за брза интервенција;
- Една градинка со четири клона;
- Шест основни училишта со осум објекти, т.е. две подрачни;
- Едно средно училиште – Гимназија;
- Две спортски сали;
- Стадион за спортски натпревари со помошно фудбалско игралиште;
- Цркви, манастири и др.

## 1.2. Буџет, Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2013, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата 63-та Седница одржана на 24.12.2012 година. Во текот на 2013 година е извршен 1 (еден) Ребаланс на Буџетот и тоа на 04.11.2013 година, трипати се вршени измени и дополни на буџетот и едно проширување.

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

| | | Опис на сметките | Основен буџет **2012** | | Основен буџет **2013** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **217.019.738** | **186.147.581** | **222.329.550** | **173.963.449** |
| **71** | | **Даночни приходи** | **143.356.352** | **110.903.640** | **149.436.550** | **94.329.614** |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 6.610.000 | 6.537.614 | 6.878.000 | 6.879.493 |
| | 713 | Данок на имот | 46.500.000 | 39.885.880 | 51.750.000 | 38.472.477 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 90.196.352 | 64.461.146 | 90.658.550 | 48.885.172 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 50.000 | 19.000 | 150.000 | 92.472 |
| **72** | | **Неданочни приходи** | **35.013.000** | **24.721.653** | **15.300.000** | **14.761.847** |
| | 722 | Такси и надоместоци | 1.510.000 | 975.875 | 1.000.000 | 657.094 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 2.200.000 | 1.275.270 | 1.600.000 | 1.657.366 |
| | 724 | Други владини услуги | 303.000 | 150.287 | 200.000 | 142.635 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 31.000.000 | 22.320.221 | 12.500.000 | 12.304.752 |
| **73** | | **Капитални приходи** | **19.400.000** | **18.030.073** | **40.871.000** | **42.817.164** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 100.000 | 0 | 20.000 | 18.600 |
| | 733 | Продажба на земј.и нематер.вложувања | 19.300.000 | 18.030.073 | 40.851.000 | 42.798.564 |
| **74** | | **Трансфери и донации** | **19.250.386** | **32.492.215** | **16.722.000** | **22.054.824** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 19.250.386 | 32.492.215 | 16.722.000 | 22.054.824 |

Од табелата се забележува дека остварувањето на приходите споредено со 2012 година бележи намалување од 6,54% во вкупните приходи. Во внатрешната структура на приходи состојбата е различна, некои бележат зголемување, а некои бележат опаѓање.

Даночните приходи бележат намалување за 14,94%, каде приходите по основ на персонален данок бележат пораст за околу 5%, данок на имот на општината бележи намалување за 3,5%, приходите од даноци од специфични услуги, каде влегува надоместокот за уредување на градежно земјиште се пониски за 24% во однос на 2012 година, а такси за користење или дозволи за вршење дејност се повисоки за 79,45% .

Неданочните приходи во однос на 2012 година се пониски за 40%. Во овие приходи влегува самопридонесот од месното население за изградба на фекалната

канализација во реонот на Волково, кој во 2011 и 2012год. кога започна приклучувањето кон фекалната мрежа се зголеми, но во текот на 2013 година имаше периоди на стагнација.Во 2013 година почнаа да се склучуваат договори со странките каде уплатите како поединечни рати се намалија на 2.500,00 денари, а истовремено и рокот за наплата се продолжи за 12 месеци.

Капиталните приходи, во кои што влегува и продажбата на државно земјиште, но и надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во однос на минатата година се зголемени за 137,48%.

Позитивните трендови на планирањето и реализацијата на планот се гледаат од графичкиот приказ што следи, единствено отстапување има во даночните приходи:




Во графиконот што следи, се гледаат разликите во реализацијата на приходите по групи споредени со реализираните во 2012 година и она што беше погоре текстуално објаснето со проценти, графиконот го покажува со еден поглед, кои приходи се пораснати, а кои се намалени.




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2013 година по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 173.963.449 |
| Дотации | 154.304.001 |
| Самофинансирачки активности | 16.386.861 |
| Донации | 0 |
| Кредити | 20.970.513 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **365.624.824** |



Од ова може да се извлечат заклучоци дека во консолидираниот буџет со најголем дел и тоа 47,58% учествува основниот буџет кој се формира од сопствени изворни приходи и капитални трансфери од централната власт; 42,20% учествуваат дотациите за основното образование и детската заштита- детски градинки; приходите од самофинансирачките активности на градинките и основните училишта учествуваат со 4,48%. Кредитот во структурата на Буџетот учествува со 5,74%.

Дотациите секоја година по малку се зголемуваат во однос на претходната, но се уште не ги задоволуваат потребите на училиштата и градинките, посебно во делот на одржување на градежните објекти, како и во набавка на течни горива. Поради тоа, Општина Ѓорче Петров дополнително ги финансира овие надлежности.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општина Ѓорче Петров се планира согласно законските прописи и програмското планирање.Програмите пак, се утврдени согласно надлежностите. Во наредната табела ќе се задржиме на односот меѓу планираното и реализираното во основниот буџет на расход, споредбено со претходната 2012година:

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2012 | | Основен буџет 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **217.019.738** | **169.785.338** | **222.329.550** | **173.963.449** |
| **40** | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **32.281.650** | **31.483.897** | **34.287.500** | **33.452.157** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 20.253.000 | 19.742.825 | 21.658.400 | 21.078.119 |
| | 402 | Придонеси од плати | 7.282.000 | 7.105.778 | 7.779.100 | 7.573.014 |
| | 404 | Надоместоци | 4.746.650 | 4.635.294 | 4.850.000 | 4.801.024 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** | **668.000** | **1.500.000** | **458.000** |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи рас. | 1.000.000 | 0 | 1.000.000 | 0 |
| | 413 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 700.000 | 668.000 | 500.000 | 458.000 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **101.005.200** | **86.241.178** | **111.908.350** | **83.314.841** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 1.037.000 | 709.676 | 780.000 | 512.133 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 39.850.000 | 36.157.342 | 32.883.600 | 29.511.276 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 5.180.000 | 4.046.158 | 5.146.800 | 4.131.304 |
| | 424 | Поправки и тековни одржувања | 27.760.000 | 22.407.281 | 29.906.000 | 24.019.119 |
| | 425 | Договорни услуги | 16.292.000 | 13.252.769 | 32.628.950 | 15.293.042 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 426 | Други тековни расходи | 8.556.200 | 7.494.028 | 7.797.000 | 7.083.712 |
| | 427 | Привремени вработувања | 2.330.000 | 2.173.924 | 2.766.000 | 2.764.225 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **18.888** | **18.888** | **179.000** | **178.077** |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 18.888 | 18.888 | 179.000 | 178.077 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **2.530.000** | **1.818.947** | **6.322.000** | **5.909.922** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 880.000 | 684.700 | 2.563.000 | 2.292.592 |
| | 464 | Разни трансфери | 1.650.000 | 1.134.247 | 3.759.000 | 3.617.330 |
| **47** | | **Социјални бенефиции** | **372.000** | **355.000** | **622.000** | **622.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 372.000 | 355.000 | 622.000 | 622.000 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **79.112.000** | **49.199.428** | **67.510.700** | **50.028.452** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 3.500.000 | 3.131.281 | 2.960.000 | 2.872.078 |
| | 481 | Градежни објекти | 5.000.000 | 4.965.838 | 2.000.000 | 500.000 |
| | 482 | Други градежни објекти | 67.630.000 | 38.474.412 | 56.550.200 | 42.069.797 |
| | 483 | Купување мебел, | 981.000 | 978.866 | 60.000 | 55.500 |
| | 485 | Други нефинансиски средства | 2.001.000 | 1.649.031 | 2.620.000 | 1.463.438 |
| | 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 3.320.500 | 3.067.639 |

Графиконот подолу, го прикажува наменското планирање и остварување на расходите. Линиите на планирано и реализирано се пратат. Тоа значи дека нема отстапување во наменски планираното, само има помало остварување во реализираното од планираното, а тоа пак се движи во рамките на остварените приходи.

- Сината или повисока линија го прикажува планираното.
- Црвената или пониската линија го прикажува реализираното-извршено.






Од овој графикон се гледа дека точките на црвената и сината линија во расходите за плати и резерви се преклопуваат, а кај стоките и услугите има мало зголемување во 2013 година, споредено со 2012. Покачување има во делот каматни плаќања, бидејќи камата во однос на 2012 е поголема, која се пресметува на повлечен дел од кредитот , но сеуште износот е мал, па изгледа дека точките се поклопуваат.Во делот на субвенции и трансфери и  капитални расходи има зголемување на расходите во однос на 2012 г. бидејќи во 2013 имавме локални избори и согласно законските обврски имавме транфери до политички партии, како и трансфери до Општинска изборна комисија.

Во следната табела како и во приходите прикажано е структурното учество на реализираните расходи по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 173.963.449 |
| Дотации | 151.176.504 |
| Самофинансирачки активности | 16.386.861 |
| Донации | 0 |
| Кредити | 20.970.513 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **362.497.327** |

Од табелата подолу се изведени и прикажани процентуалните учества на расходите по намени и истите ги следат и процентите на приходите.
Најголемо е учеството на расходите од основниот буџет и тоа 47,99%, потоа следат дотациите со 41,70%, кредитите со 5,79%, и најмало е учеството на самофинансирачките активности на градинката и основните училишта со 4,52%.




## 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства

Општината при изготвување на Завршната сметка на сите сметки со кои располага ( буџет, орган, самопридонес, дотации) изготвува и биланс на состојба каде се прикажуваат сите средства и извори на средства со кои располага општината.

Во книговодствената евиденција не се внесени градежни објекти кои се однесуваат на зградите каде што работи општинската администрација, бидејќи постапките за упис во катастар на недвижности се уште се во тек.Кога ќе се добијат имотните листови, тогаш ќе бидат воведени и во книговодствената евиденција.Единствен градежен објект кој се води е само саат кулата во паркот , која целосно е изградена со средства од донации, а вредноста и изнесува 3.270.736,00 денари.

Во делот на опрема ( мебел, возила и машини) општина Ѓорче Петров располага со **основни средства во вредност од :**

ревалоризирана набавна вредност - **22.674.469,00 ден.**

Во текот на 2013 година има новонабавени основни средства во вредност од 3.844.557,00 ден. и тоа информатичка опрема и канцелариски мебел за дел од администрација ( нови вработени) и мебел за Дом на културата, моторни возила и тоа еден половен камион, две возила од марката ФИЈАТ ПУНТО и три моторцикли (скутери). По пописот од минатата година има расходувано основни средства што се расипани и што се надвор од употреба, отстранети или отуѓени и тоа: моторно возило "Фолсваген Пасат", како и неколку компјутери.

Од 2011 година имаме и основни средства што се водат како други градби во износ од 27.048.773,00 ден., а се однесуваат на споменикот на револуционерот Ѓорче Петров и Спомениkот на бранителите во с.Волково.

Покрај материјални, во книговодствената евиденција, се водат и нематеријални вложувања, како што се софтверски решенија и надоместок за одземен имот во вкупен износ од **1.463.438,00** денар.

**Ситен инвентар** ( канцелариски инвентар, алати, мобилни тел., знамиња и сл.) **2.318.680,00 ден.**

или новонабавени во 2013 г. во износ од 544.794,00 ден.Овој инвентар со ставање во употреба книговодствено се отпишува.

| | |
|---|---|
| **Побарувања од купувачи** | **75.827.902,00** |
| - закупнини, | 761.800,00 |
| - надоместок за уредување на градежно замјиште кој се плаќа на рати, | 1.427.328,00 |
| - надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти кој се плаќа на рати | 8.034.051,00 |
| - обврска за данок на имот | 65.604.723,00 |

Од извештајот кој градската даночна администрација го доставува до општината, произлегува дека, вкупно задолжување со салда од претходни години кое не е наплатено по основ на данок на имот изнесува:

| | |
|---|---|
| - за физички лица | 25.067.069,00 |
| - за правни лица | 1.989.227,00 |
| - за дополнителна стапка | 14.116.635,00 |
| Вкупни побарувања од данок на имот: | 41.172.931,00 |
| Комунална такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 24.431.792,00 |
| - **Вкупно** | **65.604.723,00 ден.** |

Побарувањата по основ на **данок на имот** со пренесените салда од минати години се огромни и изнесуваат 41.172.931,00 ден.Во овој облог има сеуште дупли решенија, односно еден исти имот се води на двајца или тројца сопственици, има обврзници кои не може да се пронајдат поради неточни адреси и кои многу тешко се откриваат.Апелите во јавните гласила, како и неколкукратните опомени испратени од градската даночна администрација придонесоа добар дел од граѓаните да се јавуваат за усогласување на податоците, но сеуште има обврзници кои не можат да се пронајдат (починати, отселени, продадени станови за кои новиот сопственик не се пријавил и друго).Поради тоа ваквите обврзници се водат во евиденцијата, а не може да се наплати побарувањето. За прв пат Градот Скопје пушти присилна наплата и тоа само за 2008 година од што се очекува добар дел од овие побарувања да се наплатат, но и позитивен ефект за во иднина, со тоа што граѓаните да почнат обврските да си ги плаќаат поажурно.

Што се однесува пак, до комуналната такса за фирмарина, втора година како даночната администрација на Град Скопје, достави извештај според формулата за Заедничкиот фонд. Имено, 50 % од оваа такса претставува директен приход на Град Скопје. Останатите 50% влегуваат во Заедничкиот фонд, кој пак, се дели по формула помеѓу општините на градот Скопје. Критериуми кои се земени во формулата се: бројот на жители, површина на територијата на општината и број на населени места. Според евиденцијата на Град Скопје, правните субјекти кои имаат регистрација со седиште или деловна единица на територија на општина Ѓорче Петров и на кои се издаваат решенија за фирмарина се 2.835, како што веќе е напоменато и на почетокот на извештајот.Побарувањата се во вкупен износ од 24.431.792,00 ден., од кои за **6.640.117,00 пуштена е присилна наплата**, а 17.791.675,00 се редовни побарувања.

**Краткорочни обврски према добавувачи** **3.409.897,00 ден.**

Овде влегуваат обврски по основ на фактури за м.12/2013, а се стасани во текот на месец 01/2014 година. Како и претходните години со највисок износ е фактурата за улично осветлување.

**Обврски према вработени , членови на Совет** и **3.259.089,00 ден.**

договори за дело, како и обврски према државата по основ на даноци и придонеси за м. 12/2013) кои се исплатени во м.01/2014 .

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации

Капиталните инвестиции кои се водат во вонбилансна евиденција, во текот на 2013 година се зголемени за 64.979.334 ( во 2012 се зголемиле за 86.415.242,00 ден.), оваа вредност подетално е прикажана во Завршната сметка - Посебен дел. Вкупно со вложувања од претходни години капиталните вложувања изнесуваат **471.497.068,00** денари. Овде влегува градба и набавка на опрема како што се водоводни и канализациони мрежи, инсталации на јавно осветлување, изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици,  локални патишта, паркови, игралишта, урбана опрема и слично.

Што се однесува на блок дотациите, оваа година се реализираа во целост, но последната транша во месец Декември беше уплатена доцна и не можеше да се искористи. Иако и оваа година блок дотациите беа зголемени, сеуште не ги задоволуваат потребите, посебно во делот за одржување на објектите. Заради тоа општината  прави напори и од други извори , посебно донации, да овозможи реконструкции на истите.

Во 2013 г. сеуште се користат средствата од домашното задолжување, но поради грејс периодот од три години сеуште општината нема обврски за враќање на главница.

## 5. Преглед на трошењето на тековна буџетската резерва од програма Д0 - Градоначалник за 2013

| Ред. број | решение број : дата : | Опис на намена | Назив на корисник | ИЗНОС : |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 08-53/2 09.01.2013 | Помош на вработен за починат родител | Горан Трипуновски | 30.000,00 |
| 2 | 08-29/2 10.01.2013 | Средства за Гоце фест | Фестивал Гоце Фест | 10.000,00 |
| 3 | 08-129/2 18.01.2013 | Средства за покривање на дел од трошоци за празник Св.Сава | Здужение на Срби во Македонија | 20.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | 08-110/2 18.01.2013 | Средства за учество на турнир во Р.Турција карате | Пендаровска Моника | 6.000,00 |
| **5** | 08-316/2 01.02.2013 | Средства за помош во чест на празник Св.Атанас | Црква Св. Атанас во У.З. Мирче Ацев | 20.000,00 |
| **6** | 08- 302/2 04.02.2013 | Средства за учество на Европ. првенство во Р. Бугарија на танцови двојки | Митрови Валентина и Стефан | 6.000,00 |
| **7** | 08-276/2 05.02.2013 | Средства за трошоци за тортијада | Здружение Анѓелчиња | 8.000,00 |
| **8** | 08-276/2 07.02.2013 | Донација на дет.градинка од тортијада | Д.градинка 11-ти Октомври | 2.000,00 |
| **9** | 08-407/2 07.02.2013 | Средства за починат сопруг, генерален секретар на Ф.К. Македонија | Пејчиќ Вера | 10.000,00 |
| **10** | 08- 469/2 18.02.2013 | Средства за промоција на книга – За национален идентитет | Сојуз на Македонци со исламска вероисповест | 6.000,00 |
| **11** | 08-631/2 01.03.2013 | Средства за Монографија за развој на безбедносните служби во Р.М. | Зоран Јовановски | 8.000,00 |
| **12** | 08-849/2 29.03.2013 | Средства за учество на првенство во карате | Пендаровска Моника | 6.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13** | 08-1124/2 22.04.2013 | Средства за Натпревар во боди билдинг - Молдавија | Ангелов Владимир | 10.000,00 |
| **14** | 08-1061/2 25.04.2013 | Помош за учество во училишна екскурзија | Настоски Петар | 10.000,00 |
| **15** | 08-1143/2 25.04.2013 | Средства за учество на фестивал во Ниш | Рамиз Селмановски | 10.000,00 |
| **16** | 08-1276/2 13.05.2013 | Средства за покривање на дел од трошоци за музички симпозиум | Бранко Илиевски | 10.000,00 |
| **17** | 08-1225/2 17.05.2013 | Средства помош за новородена двојка | Партиција Костовска | 10.000,00 |
| **18** | 08-1351/2 17.05.2013 | Средства за доуредување на Црква Св.Спас од Горна Матка | Свети Спас Горна Матка | 10.000,00 |
| **19** | 08-1285/2 05.06.2013 | Средства за помош на здружение на граѓани | Здружение на граѓани политички прогонувани | 10.000,00 |
| **20** | 08-1543/2 25.06.2013 | Средства за учество на традиционален турнир во мал фудбал за загинати бранители | Здружение на граѓани за загинати бранители | 10.000,00 |
| **21** | 08-1741/2 25.06.2013 | Средства за експедиција на Мон Блан | Ана Тошевска | 10.000,00 |
| **22** | 08-1859/2 25.06.2013 | Средства за учество на јуниорска математичка олимпијада | Сојуз на математичаи за Андреј Илиевски | 10.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23** | 08-1860/2 25.06.2013 | Средства за учество на Интернационална хемиска олимпијада | Филип Илиевски | 10.000,00 |
| **24** | 08-1956/2 27.06.2013 | Средства за учество во натпревар на автокартинг | Филип Василевски | 10.000,00 |
| **25** | 08-1491/2 16.07.2013 | Средства за комитски коњички марш за Илинден | Здружение на граѓани за коњичко комитски војводски чети | 15.000,00 |
| **26** | 08-1851/2 16.07.2013 | Средства за Илинденски марш | Здружение на граѓани за Илинденски марш | 10.000,00 |
| **27** | 08-1986/2 18.07.2013 | Средства за турнир во пинг понг | Тодор Кировски | 6.000,00 |
| **28** | 08-2225/2 19.07.2013 | Средства за учество на експедиција на Мон Блан | Дамир Смајловиќ | 10.000,00 |
| **29** | 08-2271/2 25.07.2013 | Средства за празник Св Архангел Гаврил | Црква Св.Архангел Гаврил С.Ново Село | 10.000,00 |
| **30** | 08-2255/2 29.07.2013 | Средства помош за Шаховско првенство | Доне Ѓорѓиевски | 6.000,00 |
| **31** | 08-2350/2 01.08.2013 | Средства за учество во Охридски пливачки маратон | Марта Крстевска | 5.000,00 |
| **32** | 08-2462/2 22.08.2013 | Средства за меѓународен карате натпревар | Борјан Стојановски | 6.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во Будимпешта | | |
| **33** | 08-2601/2 29.08.2013 | Средства за празник Голема Богородица | МПЦ, Црква Пресв.Богородица-Матка | 20.000,00 |
| **34** | 08-2692/2 12.09.2013 | Средства за празник | МПЦ, Црква Св. Спас Горна Матка | 10.000,00 |
| **35** | 08-2883/2 23.09.2013 | Средства за подготовки на свет.првен. во бокс | Вели Мумин | 10.000,00 |
| **36** | 08-2926/2 30.09.2013 | Средства за помош | Манастир Св.Никола | 6.000,00 |
| **37** | 08-3115/2 08.10.2013 | Средства за покривање на трошоци за учество на Макфест 2013 | Љупка Најдановска | 10.000,00 |
| **38** | 08-3878/2 10.12.2013 | Средства за покривање на трошоци на сојузот | Сојуз на Македонци со исламска вероисповест | 6.000,00 |
| **39** | 08-3994/2 20.12.2013 | Средства за новороденче | Елена Павлеска | 6.000,00 |
| **40** | 08-3644/2 24.12.2013 | Средства за учество на меѓународен натпревар по пијано во Р.Србија | Анкица Наумовска | 6.000,00 |
| **41** | 08-4075/2 24.12.2013 | Средства за лекување на дете | Љиљана Митковска | 6.000,00 |
| **42** | 08-3874/2 25.12.2013 | Средства за лекување | Јаготка Ангеовска | 10.000,00 |
| **43** | 08-4013/2 25.12.2013 | Средства за лекување | Маргарита Костоска | 6.000,00 |
| **44** | 08-4060/3 25.12.2013 | Средства за помош за опожарена куќа | Оливера Војнеска | 15.000,00 |
| **45** | 08-4093/3 25.12.213 | Средства за лекување | Мевлида Абаз | 6.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **46** | 08-4180/2<br>27.12.2013 | Средства за помош за опожарена куќа | Методија Симоновски | 15.000,00 |
| **47** | 08-3587/2<br>27.12.2013 | Средства за помош на социјал. загроз. семејство | Даниела Цветковска | 6.000,00 |
| | | | **ВКУПНО:** | **458.000** |

**Бр. 07-635/11**
**26.02.2014 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеснаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 26.02.2014 година.

**Број 08-756/10**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 26.02.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Грдоначалникот на општина Ѓорче Петров за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Ѓорче Петров, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за

финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-635/12**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеснаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 26.02.2014 година.

**Број 08-756/11**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Ѓорче Петров „ број 18/13), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 26.02.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање Serapis број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), помеѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Ѓорче Петров до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-635/13**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеснаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 26.02.2014 година.

**Број 08-756/12**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/2013 )и точка 139 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 12/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 26.02.2014 година, донесе:

**Програма**
**за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**за 2014 година**

**I. Период Јануари - Март**

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

2. Предлог-Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

3. Предлог-Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

4. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за Урбано планирање *Ф* за 2014 година на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина**

5. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

6. Предлог-Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

7. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

8. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за СЗ 03:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и Заштита на животната средина**

9. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Градска четврт СЗ 04;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

10. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Градска четврт С3 15;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

11. Предлог- Одлука за утврдување на Нацрт УПС Кучково со разработка на блок;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

12. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2013 година (во текот на месец Февруари);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

13. Разгледаување на полугодишните Извештаи за работата на основните училишта и ЈОУДГ „Росица" во Општина Ѓорче Петров;

- ООУ „Ѓорче Петров";
- ООУ „Мирче Ацев";
- ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски";
- ООУ „Страшо Пинџур";
- ООУ„ Тихомир Милошевски";
- ООУ „Јоаким Крчоски";

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ „Ѓорче Петров";**
**ООУ „Мирче Ацев";**
**ООУ „Димитар.П Г.-Беровски";**
**ООУ „Страшо Пинџур";**
**ООУ„ Тихомир Милошевски";**
**ООУ „Јоаким Крчоски";**

14. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ Ѓ. Петров-блок 14;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

15. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ3;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

16. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт СЗ 18;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

17. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт СЗ 08;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

18. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт СЗ 25;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

19. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт УПС Волково со разработка на блок 3:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

20. Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година (период 01.01.-31.12. 2013 година) до 15-ти Март;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

21. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година. (до 15-ти Март);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

22. Разгледување и усвојување на завршен Извештај за реализирани програми усвоени од Советот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година (до 31-ви Март)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

**II . Период Април - Јуни**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.-31.03.2014 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

2. Предлог-Одлука за отпочнување постапка за изработка на Стратегија за основно образование;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: НВО Консултант**
**и Комисија за образование,**
**наука,социјална, здравствена**

3. Предлог-Одлука за отпочнување постапка за изработка на Стратегија за млади;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: НВО Консултант**
**и Комисија за култура, спорт,**
**млади, награди и признанија**

4. Предлог- Одлука за утврдување на Нацрт УПС Никиштане;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

5. Предлог- Одлука за утврдување на Нацрт УПС Ново Село ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

6. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт УПВНМ Веле Поле;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

7. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 02 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

8. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 08;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

9. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 16 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

10. Предлог- Одлука за донесување на УПС Кучково со разработка на блок;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

11. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 03:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

12. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 04;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

13. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 15;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

14. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 18;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

15. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 12 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

16. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 14 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

17. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 16 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

18. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 27 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

**III. Период Јули - Септември**

1. Предлог-Одлука за доделување на Годишна награда “Ѓорче Петров“ во 2014 година;

**Предлагач: Комисија за за спорт, култура, млади, награди и признанија**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

2. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.-30.06.2014 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

3. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Мирче Ацев" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

4. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Ѓорче Петров"за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

5. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

6. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Страшо Пинџур" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

7. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

8. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

9. Извештај за работа на Јавната установа - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за периодот 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска Градинка Росица**

10. Предлог -Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Мирче Ацев“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

11. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

12. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

13. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

14. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

15. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната установа Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за период 2014/2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска градинка РОСИЦА**

17. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Градска четврт: СЗ 06

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

18. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 07 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

19. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 11 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

20. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Одлука за донесување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 10 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

**IV. Период Октомври - Декември**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2014 година) (месец Октомври);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

2. Предлог- Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за Градска четврт СЗ 01;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

3. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Градска четврт: СЗ 20;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

4. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Градска четврт: СЗ 24;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

5. Предлог - Одлука за донесување на УПС Волково со разработка на блок 3;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

6. Предлог- Одлука за донесување на УПС Никиштане ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

7. Предлог- Одлука за донесување на УПС Ново Село ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

8. Предлог- Одлука за донесување на УПВНМ Веле Поле ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

9. Изработка на останати Детални урбанистички планови согласно нов ГУП на Град Скопје 2012-2022год.

Планови за кои се отпочнати припремни работи, но во моментот не може прецизно да се дефинира динамиката за нивно донесување. Овие ДУП-ови ќе бидат доставувани на Седниците на Совет во континуитет.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

10. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Одлука за донесување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 05 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

11. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Одлука за донесување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 09 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**зсаштита на животната средина**

12. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Одлука за донесување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 13 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

13. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт ДУП Одлука за донесување на Нацрт ДУП за Гратска четврт: СЗ 21 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**

**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

14. Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: С3 07 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

До крајот на 2014година, согласно ГУП Скопје 2012год. мора да се донесат ДУП-ови за сите градски четврти.

15. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

16. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2014 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

17. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-**
**правни работи и работа на**
**Советот**

18. Предлог-Програма за работа на Советот за носење одлуки согласно барања на даватели на грантови;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

19. Донесување одредени одлуки по барање на Секторот за урбанизам кои ќе произлезат како резултат на барања од страна на давателите на грантови и донации за разни проекти на територијата на општината со кои секторот ќе аплицира во 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

20. Извештај за реализација на Програмата за Урбано планирање *Ф* и Програмата за комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

21. Предлог-Програма за Урбано планирање *Ф* на Општина Ѓорче Петров за 2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина**

22. Предлог-Програма за комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина**

23. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

24. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2015 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

25. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

26. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2015 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

27. Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

28. Предлог-Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

29. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

30. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања и Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-635/14**
**од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за организирање и одржување на форуми на заедниците во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Правилникот за организирање и одржување на форуми на заедниците во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шеснаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 26.02.2014 година.

**Број 08-756/13**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 и член 77а став 4 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13"), Советот на Општина Ѓорче Петров на 16-тата седница одржана на ден 26.02.2014 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за организирање и одржување на форуми на заедниците во Општина Ѓорче Петров**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува свикувањето, начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за одржувањето на форумите на заедниците, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на Општината.

**Член 2**

Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата, што финасиски ќе бидат поддржани од општината или заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да ја пооддржи форумската програма и општински проекти.

**Член 3**

Форумот се води од страна на независен и надворешен модератор. Во работата на модераторот му помага комодератор.

Форумот се одржува во најмалку 5 (пет) сесии од кои на последната сесија се одлучува за форумските прашања и теми.

Учесниците на форумот се структуирани по работни маси според нивните социјални и економски интереси.

Заради поефикасно и подобро организирање на форум се формираат работни групи и опертивна група, кои се дефинираат со овој Правилник.

Поблиските одредби за начинот на организирањето и спроведувањето на форумските сесии се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

**Член 4**

Постапката за организирање и реализација на форум е поделена на три фази и тоа:

- Подготвителна фаза;
- Форумска фаза и
- Реализација на заклучоците донесени на форумите.

Поблиските одредби за фазите на форумите се регулираат со Деловникот за работа на форумите на заедницата.

**Член 5**

Во согласност со темите кои се раправаат, форумите можат да бидат од следните видови:

- Проектен Форум
- Тематски форум
- Меѓуопштински форум и
- Буџетски форум

**Член 6**

**Проектен Форум**

Проектен форум се организира кога треба да се дефинираат приоритетите помеѓу неколку теми и проекти кои се неопходни да се решат во општината и заедниците. На првата форумска сесија граѓаните одлучуваат која од темите и проектите им е најважна. Избраната тема и проект детално се разработува на следните сесии на форумот.

**Член 7**

**Тематски форум**

Тематските форуми се насочени кон веќе одредена тема во која е содржан специфичен и актуелен проблем во општината. Во овој тип на форум се формираат работни маси само за групите кои се засегнати од тематскиот проблем.

**Член 8**

**Меѓуопштински форум**

Меѓуопштинскиот форум се организира кога две или повеќе општини кои имаат исти или слична тема на расправа, а со методата на меѓуопштинска соработка возможно е побргу, поекономично и поефикасно да се реализираат заклучоците од форумот.

**Член 9**

**Буџетски форум**

Во Буџетскиот форум тема на расправа е Буџетот на Општина Ѓорче Петров за наредната година. Работните маси се структуирани според страните кои се засегнати од Буџетот на општината или според надлежностите на општината и финансирањето на истите.

**Член 10**

**Учесници на форумот**

На форумот треба да присуствуваат што е можно поголем број учесници, при што во општините до 10.000 жители не помалку од 40 лица, за општини од 10.000 жители до 30.000 жители не помалку од 60 лица и во општини со повеќе од 30.000 жители не помалку од 80 лица.

Во работата на форумите треба да се почитува неколу принципи при изборот на учесниците и тоа:

- Територијалниот принцип;
- Родова застапеност;

- Етничка застапеност и
- Социо-економска застапеност.

**Член 11**

**Финансирање на форумот**

Форумскиот процес по правило се финансира од страна на општината. Општината треба во својот Буџет да предвиди доволно средства за ваквите активности кои спаѓаат во категоријата на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општината.

Форумскиот процес може да се финансира и од заинтересирани физички и правни лица кои се подготвени да бидат донатори на општината.

## II. НАЧИН НА СВИКУВАЊЕ НА ФОРУМОТ

**Член 12**

Првата сесија на Форумот ја свикува градоначалникот на општината со јавен повик до сите граѓани на општината, невладини организации, заинтересирани партнери за реализација на проекти и сите други заинтересирани субјекти (правни и физички лица), да присуствуваат и рамноправно да учествуваат во неговата работа.

Јавниот повик содржи точен термин и место на одржување на форумот, основни насоки и теми за текот на првата сесија на форумот, како и за видот на форумот.

**Член 13**

Претставник на општината, како организатор на форумот, на почетокот накусо ги информира учесниците на форумот за текот на форумот во целина, за содржината на одделните сесии на форумот, за структурирањето на форумот, за правата и обврските на учесниците на форумот, за начинот на предлагањето и изборот на темите на форумот, за начинот на гласање, за критериумите и начинот на изборот на проектот и друго.

**Член 14**

По завршувањето на воведниот дел претставниците на администрацијата на општината ги изнесуваат темите, проблемите и проектите за кои треба да се дебатира на форумот, за кои треба да се изјаснат учесниците, односно да извршат избор на теми за кои понатаму ќе се дискутира во рамките на форумот.

## III. МОДЕРАТОР и КОМОДЕРАТОР

**Член 15**

Со работата на форумот раководи модератор, што го избира организаторот на форумот врз основа на јавен повик, како неутрално лице кое не припаѓа на локалната заедница (не е жител на општината) ги насочува дискусиите кон темите, проблемите, решенијата, различните концепти и проекти, како и го следи процесот на гласањето и изборот на решенијата, односно проектите.

Форумот има комодератор кој го избира модераторот на форумот во консултации со организаторот на форумот.

Поблиските одредби за правата и обврските на модераторот и комодераторот се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

## IV. РАБОТНИ МАСИ

**Член 16**

На форумот се формираат најмногу 10 (десет) работни маси за расправа и избор на темата.

Работните маси се составени од по 3 (три) до 8 (осум) учесници, согласно со пројавениот интерес и водејќи сметка за тоа работните маси да ги изразуваат специфичните социо-економски интереси и потреби на заедницата, како и водејќи сметка за интересот, стручноста и компетентноста на поединците и за сразмерната родова, етничка и територијална застапеност.

**Член 17**

Во работни маси, со учество на модераторот, се распоредуваат граѓаните, претставниците на бизнис заедницата, невладините организации и други заинтересирани организации, за расправа по прашања од повеќе области определени со Законот за локалната самоуправа (локален економски развој, урбанизам, комунални работи, култура, здравство и социјална заштита, образование, спорт, противпожарна заштита и заштита и спасување итн).

**Член 18**

Посебни работни маси се организираат за

- администрацијата на општината и
- работна маса на оперативната група.

Работните маси во изборот на темата по правило одлучуваат по пат на консензус.

Поблиските одредби за начинот на работа на работните маси и нивните права и обврски се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

## V. РАБОТНИ ГРУПИ

**Член 19**

Во временскиот период помеѓу две форумски сесиии од учесниците на работните маси се формираат работните групи што имаат задача да ги формулираат предлог решенијата, односно проектите, што произлегле од расправата на работните маси, при што имаат право да даваат предлози и препораки до форумот, а кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на животот во локалната заедница во целина.

Предлозите и препораките од работните групи, форумот ги одобрува и ги предлага на општината.

Општината Ѓорче Петров е должна во работата и одлучувањето на форумот во целина и во работата на работните групи да обезбеди соодветна родова, етничка и територијална и социо-економска застапеност на заедниците.

Поблиските одредби за начинот на работа, правата и обврските на работните групи се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

## VI. ОПЕРАТИВНА ГРУПА

### Член 20

За целосна стручно-техничка поддршка на форумот се формира оперативна група.

Оперативната група која работи под раководство на модераторот и комодераторот е оперативно, а не раководно тело на форумот и е составена од:

- модераторот и комодераторот;
- два претставника на ЕЛС;
- едно лице за односи со јавноста;
- претставници на клучните засегнати страни и
- едно лице задолжено за водење записници од сите состаноци.

Членовите на оперативната група учествуваат во работата на работните групи и им помагаат во работата.

Поблиските одредби за правата и обврските на оперативната група се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

## VII. ОДЛУЧУВАЊЕ

### Член 21

Резултатите од форумите се Одлуки и Препораки кои се однесуваат на прашањата кои се предмет на дискусија во рамки на форумите.

Одлуките и Препораките треба да придонесуваат кон решавање на предметот на дискусија во рамките на форумот.

Усвоените Одлуки и Препораки од страна на форумите на зедниците се поднесуваат до локалните власти.

**Член 22**

Одлучувањето на Форумот се врши по пат на гласање по работни маси, при што треба да се постигне консензус на сите членови на работната маса.

Право на глас во рамките на работните маси имаат членовите кои присуствувале на најмалку 3 форумски сесии.

Работните маси имаат еднакво право на глас во вкупното одлучување на форумот, кое се врши на петата сесија на форумот.

Во зависност од видот на форумот, одлуките донесени на форумот можат да бидат советодавни или задолжителни за органите на општината.

Поблиските одредби за начинот на одлучување и задолжителноста на одлуките донесени на форумот се уредуваат со Деловникот за работа на форуми на заедниците.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Заради информирање на граѓаните, општината е должна на соодветен начин да ги информира за целокупниот тек на форумот и за активностите кои се преземаат за реализација на усвоените проекти.

**Член 24**

Во рок од 3 (три) месеци од денот на службената примена на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров носи Деловник за работа на форуми на заедниците во кој подетално се опишува целокупниот процес на форумот.

**Член 25**

Овој правилник ќе се применува во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-635/15**
**Од 26.02.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**А лександар Стојкоски с.р.**